РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С О Б Р А Н И Е
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

| Примено: | 27. 08. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 4977/1 | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за прашања на изборите**
**и именувањата**
**Број 16 - 4938/7**
**27. 08 2018 година**
**Скопје**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во прилог Ви се доставува :

Предлог - одлуката за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на Инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, којашто Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ја утврди на седницата одржана на 27 август 2018 година.

За известители на седницата на Собранието на Република Македонија по Предлог одлуката се определени членовите на Комисијата, Мухамед Зеќири и Ивана Туфекџиќ.

**Претседател на**
**Комисијата за прашања на изборите и**
**именувањата,**
Илија Димовски

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на членот 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ("Службен весник на Република Македонија" 130/14, 53/16 и 11/18), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на -------------- 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА**

I. За претседател на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се избира:

- Елизабета Русеска, дипломиран правник од Охрид.

II. За членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се избираат:

1. Искра Давитковска - Костовска, дипломиран правник од Скопје,
2. Ристанка Лалчевска, дипломиран правник од Охрид,
3. Мирјана Панајотова,дипломиран правник од Струмица,
4. Неждет Винца, дипломиран инженер по електротехника од Скопје,
5. Шефки Јашари, дипломиран правник од с. Коларе - Тетово и
6. Ѓорѓи Чукарски, дипломиран правник од Струмица

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Број 08 -________________
________________ 2018 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
М-р Талат Џафери,с.р.

**Образложение:**

Согласно член 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ("Службен весник на Република Македонија" 130/14, 53/16 и 11/18) и членовите 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ("Службен весник на Република Македонија" 130/14, 53/16 и 11/18) Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 април 2018 година ја донесе Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на Инспекцискиот надзор и прекршочната постапка објавена во („Службен весник на Република Македонија" број 64/18 од 11 април 2018).

Согласно член 3 став 4) од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за претседател може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на РМ;
- во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет;
- да има најмалку шест години работно искуство на управни работи;
- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

1. ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
2. ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
3. ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
4. ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
5. БУЛАТС (BULATS ) - најмалку 60 бода или
6. АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 ( B2)

- да има положено психолошки тест и тест за интегритет.

Според став 5) од Законот, за член на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на РМ;
- во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- има најмалку четири години работно искуство на правни работи;
- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

1. ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,

2. ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
3. ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
4. ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
5. БУЛАТС (BULATS ) - најмалку 60 бода или

- да има положено психолошки тест и тест за интегритет.

На огласот се пријавија вкупно 32 кандидати.

Врз основа на пријавените кандидати, Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја утврди и му предлага на Собранието да ја донесе Предлог - одлуката за избор на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на Инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

**Лични податоци**



| | |
|---|---|
| Име и Презиме | **ЕЛИЗАБЕТА РУСЕСКА** |
| Адреса | **Ул. “Беќир Алириза “ број 30,Охрид**<br>**Република Македонија** |
| Телефон | **+389 70 707 633** |
| E-mail | beti.ruseska@yahoo.com |
| Националност | Р. Македонија |
| Дата на раѓање | 18.09.1962 година |

**Работно искуство**

| | |
|---|---|
| Дата: | ( 2006 - до денес) |
| Работно место | Координатор на Даночно одделение Охрид (Јули 2017- до денес) |
| Работа во комисии | (2007 – 2017) Член во комисија за денационализација<br>(2017 – 2018) Член во комисија за прекршоци во рамките на УЈП РД Битола |
| • Име и адреса на вработувачот | Управа за јавни приходи-РД-ДО Охрид |
| • Вид на институција/сектор | Државна институција |
| Дата: | (декември 2005- август 2006) |

| | |
|---|---|
| Работно место | Заменик директор |
| Главни активности и одговорности | Вршење на сензитивните, ефективните и одговорни работни задачи од делокругот на работењето на институцијата |
| Име и адреса на вработувачот | Слободни економски зони |
| Вид на институција/сектор | Државна институција |
| Дата | (2003-2005 година) |
| Работно место | Виш референт |
| Главни активности и одговорности | Одделение за даноци |
| Име и адреса на вработувачот | Управа за јавни приходи-Одделение Гостивар |
| Вид на институција/сектор | Државна институција |
| Дата | (1992-2003 година) |
| Работно место | Началник во Одделение за имотно правни работи-Гостивар |
| Име и адреса на вработувачот | Министерство за финансии-Управа за имотно правни работи |
| Вид на институција/сектор | Државна институција |
| Дата | 1986-1992 година |
| Работно место | Правник |
| Име и вид на **институција** | Собрание на Општина Гостивар |
| **Вкупен работен стаж** | 29 |
| **Образование** | |

| | |
|---|---|
| Дата | (февруари 1986 година) |
| Вид на звање/титула | VII/1 степен -Дипломиран правник |
| Насока | Правосудна |
| Име на организацијата | Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје<br>Правен Факултет |
| **Лични вештини и компетенции** | |
| Мајчин јазик | Македонски Јазик |
| Други јазици | Англиски јазик |
| • Читање | Доволно |
| • Пишување | Доволно |
| • Вербална комуникација | Доволно |
| | Српско-хрватски јазик |
| • Читање | Одлично |
| • Пишување | Одлично |
| Вербална комуникација | Одлично |
| **Социјални вештини** | • Способност за работа во различни видови на тимови, со луѓе од различни националности, религии и култури<br>• Организациски способности<br>• Вештини за решавање на проблеми<br>• Способност за работа под различни услови<br>• Сериозна, одговорна, професионална, амбицозна, студиозна, лојална. |
| Организациони вештини | • Искуство во координирање на состаноците, одлична меѓусекторска и меѓуресорска соработка и контактирање со странки<br>• Докажана способност во подготовка на релевантни документи |
| **Возачка дозвола** | Б категорија |

# CURRICULUM VITAE

| | |
|---|---|
| Име: | Искра Давитковска-Костовска (родена Давитковска) |
| ЕМБГ: | 1408979455081 |
| Датум на раѓање: | 14.08.1979 |
| Место на раѓање: | Скопје, Република Македонија |
| Пол: | женски |
| Брачен статус: | мажена |
| Адреса: | бул."Партизански Одреди" 88-1/7,<br>1000 Скопје,<br>Република Македонија |
| Телефон: | (02) 3134 - 337 |
| Мобилен: | (070) 268 – 308 |
| Мобилен(службен): | (070) 309 – 360 |
| e-mail: | iskradavitkovska@gmail.com |

**ОБРАЗОВАНИЕ:**

| | |
|---|---|
| 08.10.2013 | положен нотарски испит |
| 20.04.2004 | положен правосуден испит |
| 1997 –2000 | Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Република Македонија,<br>Правен факултет, управно-правна група<br>просечна оцена – 9,66 |
| 1993 - 1997 | ЕПУ "Васил Антевски - Дрен" - Скопје, Република Македонија |
| 1985 - 1993 | ОУ "Братсво" - Скопје, Република Македонија |

**РАБОТНО ИСКУСТВО:**

| | |
|---|---|
| 03.2010 | „Биро за јавни набавки" – раководител на одделение за Човечки Ресурси |
| 03.2008 – 03.2010 | „Здружение на возачи на Град Скопје" – одговорна за правни работи и уредник на списание „Современ Возач" |
| 10.2000 – 03.2008 | "Сојуз на возачи на Македонија" – одговорна за правни работи и уредник на списание „Современ Возач". |

**Сертификати:**

Уверение за активно познавање на англиски јазик, издадено од Филолошки факултет, УКИМ, Скопје
YES Engish Language Course Certificate
Set•Edu Диплома за завршена обука за Microsoft Windows & Internet
Set•Edu Диплома за завршена обука за Microsoft Office: Word, Excle & PowerPoint

# Кратка биографија

| | |
|---|---|
| **Име:** | Ристанка |
| **Презиме:** | Лалчевска |
| **Дата на раѓање:** | 17.03.1963 |
| **Место:** | с.Ново Село – Охрид |
| **Адреса по л.к.** | Прилепкса бр. 44 - Охрид |
| **Адреса за контакт** | 3-та Македонска Бригада 29/26 Скопје |
| **Тел. за контакт** | 072/209-159 |
| **Е-мејл** | ristanka@yahoo.com |
| **Образование** | Дипломиран Правник |
| **Јазици:** | Англиски |
| **Компјутерски вештини:** | Основни |

**Движење во професија**:

Дипломирав на Правен Факултет "Универзитет Кирил и Методиј - Скопје" на -26.11.1990.

Во период од 01.04.1991-01.04.1993 работев во Основниот Суд – Охрид како правник приправник – волонтер.

Во период од 1995-2002 работев како истражувач, истражувач на фокус групи за Брима Галуп – хонорарно.

Во фондот за ПИОМ .ПЕ Охрид работев како референт за пензии во прв степен во периодот од 01.04.2002-03.10.2002

На парламентарните избори 2002 бев избрана за пратеник во Собранието на Р.М. и повторно на парламентарните избори 2006 бев избрана за пратеник во втор мандат.

Во периодот од 01.11.2013 до 31.05.2014 преку „Партнер" бев ангажирана како раководител и обучувач за канцелариско работење од архивско работење, водење на деловни книги, комуникација со институции, комуникација со граѓани, организирање на деловни средби и слично.

Во периодот од 01.08.2014 до 31.08.2017 бев член на Комисијата за верификација на фактите, како соработник за правни работи.

Од 11.09.2015 деловно соработував (хонорарно) како стручно лице од правна област за давање стручни мислења со Бирото за јавни набавки – Совет за јавни набавки.

Поседувам квалификации кои сум ги стекнала на бројни обуки и семинари кои сум ги посетувала. Пред се организирање и водење на избори, комуникација на граѓани со канцеларии на пратеници. Работа на унапредување на родова еднаквост.

Обуки за спречување на пролиферација на оружје за масовно уништување.

Сум била ангажирана на бројни семинари и обуки како едукатор од областа на правото, со посебен акцент на подготовка на амандмани, предлози за измени и дополнувања на закони, организирање надзорни расправи и слично.

Сум била ангажирана како ментор на програма од област на унапредување на локалната самоуправа.

# ЛИЧНА БИОГРАФИЈА

Јас Мирјана Панајотова родена на 18.12.1968г.во Струмица, Државјанин на Република Македонија, омажена, но сега самохрана мајка на две полнолетни деца,студенти.Дипломирав 1992 година на Правниот факултет Скопје правосудна насока. Положен правосуден испит 1997г.Моментално сум Советник во Државното правобранителство на РМ,за подрачје Струмица,кое работно место го обавувам од Декември 2009г.

Инаку,уште во 1995година бев примена како волонтер во тогашното Општинсско Јавно правобранителство Струмица.Бидејки покажав добри резултати во работењето, бев приемна најпрво каако стручен соработник, а потоа и Советник се до 2005година.И како советник навремено ги извршувам работните задачи, с ешто е во опис на моето работно место.

Во Април 2005година бев именувана како Заменик Државен правобранител на РМ, за подрачје Струмица се до Декември 2009г.По завршувањето на мандатот бев распоредена на моето претходно место Советник во ДП на РМ за подрачје Струмица.

За време на мојот мандат и како Заменик Правобранител и како Советник своите работни задачи ги извршувам совесно,редовно совесно и одговорно согласно законските надлежности.Како резултат на успешноста во извршувањето на обврските, и моето оценување како административен службеник секогаш е одлично,со потврдени резултати.

Редовно имам посетувано Советувања и Семинари кои ги има организирано Државното правобранителство на Република Македонија, со активно учество, со разработување на различни области од повеке закони,посебно од оние каде активно учество има Република Македонија, како странка во постапките.Имам учествувано и на стручни колегиуми организирани од страна на Дражавниот правобранител со сите останати правобранители во потесен и поширок состав, како и на советувања органмизирани од Здружение на судии и други институции,посебно од обалста на процесните закони како и измени на материјалните прописи.Како странка во постапките,земам активно учество пред судовите,управните органи.Редовно пратам судска пракса,измени на законските прописи.

Сметам дека моето работно искуство од 23 години и тоа за цело време во правосудството ке придонесе и понатаму за успешно,навремено,совесно и чесно извршување на своите задачи,доколку бидам избрана како Член на Комисијата.

Со почит,

Мирјана Панајотова

| | |
|---|---|
| **Име** | **Нежден Винца** |
| **Адреса** | ЈНА, бр. 107<br>6330, Струга<br><br>Партизански Одреди, бр.10<br>1000, Скопје |
| **Телефон** | +389 70557974 |
| **E-mail** | nezhdetvinca1@evn.mk<br>nezhdet@yahoo.com |
| **Националност** | Албанка |
| **Дата на раѓање** | 03.04.1963 |

---

**ОБРАЗОВАНИЕ**

1977 - 1981
СУ "Браќа Миладиновци"
Струга
Општа гимназија

1981 – 1986
Електротехнички Факултет-Електроника
Приштина

1988-1990
Постдипломски студии-Енергетски системи
Електротехнички Факултет
Приштина

**Лични вештини и компетентност**

**Мајчин јазик** **албански**

**Други јазици**

**Македонски и српско-хрватски јазик**

- Читање Одлично
- Пишување Одлично
- Говорење Одлично

**Англиски, Француски**

- Читање Одлично
- Пишување Добро
- Говорење Добро

**турски, Германски**

- Читање Добро
- Пишување Добро
- Говорење Добро

**Работно искуство**

- **Инженер во ТЦ Косово Б-Приштина (1986-1988)**
  * Учество во работилница за Информатика во Радовлице-Словенија
- **Асистент во Електротехнички Факултет (1988-1993)**
- **Асистент во Тетовскиот Универзитет (1996-1999)**
- **Инженер во План и Развој на ЕСМ – Електродистрибуција Струга (1999-2001)**
  * Учество во МАКО-CIGRE-Конференција за енергетика
- **Заменик директор во ЕСМ-Електродистрибуција Струга (2001-2008)**
  * Обука за ДМС-програмска апликација за енергетски мрежи во NEOCOM- Скопје
- **Директор во ЕВН-Електродистрибуција Тетово (2008-2010)**
  * Активно учество во подобрување на енергетските прилики во Тетово и околината
  * Организативно тренирање во EVN AG, Виена-Австрија
- **Асистент во Секретаријатот на УО на ЕВН Скопје(2010–2012)**
  *Учество во работна група на ЕВН за намалување на загуби и зголемување на наплата
- **Инженер за мрежи во ЕВН-Мрежен Инженеринг (2012-2015)**
- **Член на Државна Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка (2015-2018)**

- **Специјалист за ГИС/ДМС во Група за документирање за мрежа во Одделот за Мрежен инженеринг во ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија (2018-)**

СОЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ

Претседателка на Сојуз на жени албанки-Струга (1994 – 2001)
* Работилница за здравство за жени
* Психо-социјална работилница за жени и деца
* Материјална и друга помош на групи со потреби
* Организирање на курсеви за компјутери

СОЦИЈАЛНИ ВЕШТИНИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ СПОСОБНОСТИ

- Тимска работа,
- Прилагодување на промени,
- Само - иницијатива

ТЕХНИЧКИ ВЕШТИНИ

Одлични компјутерски вештини:
- Windows оперативен систем
- Ms Office: Word, Excel, PowerPoint
- ДМС-апликација за мрежи

*Curriculum Vitae (Autobiografi-Биографија)*

| **Tëdhënatpersonale**<br>Лични податоци | |
|---|---|
| **Emri,Mbiemri-Име,Презиме** | ShefkiJashari-Шефки Јашари |
| **Adresa-Адреса** | Kollarë,KëÇovë |
| **Telefon-Телефон** | 071638359 |
| **E-mail-И-мејл** | shefki.jashari@hotmail.com |

| **Arsimidhetrajnimet**<br>Образование | |
|---|---|
| Shkollimifillorë<br>Основно образование | "RexhRushitZajazi" Zajaz,1994-2002<br>"Реџо Рушит Зајази" Зајаз,1994-2002 |
| Gjimnazi-Гимназија<br>Llojiigjimnazit-Вид на гимназиското образование | "Mirko Mileski"KërÇovë,2002-2006<br>"Мирко Милески"Кичево,2002-2006<br>Drejtimi:Shoqëroro-Humanitar-Назив:Општествено-Хуманитарна |
| Fakulteti-Факултет | FakultetiJuridik,USHT,2006-2010<br>Правен Факултет,ДУТ,2006-2010 |

| | |
|---|---|
| | Baccalaureus idrejësis-Baccalaureus по право<br>Visiting student-EtvosLorand University Budapest-Fakulteti Juridik-2010 |
| Studimet master<br>Мастер студи | FakultetiJuridik.DREJTIMI:Marrdhëniendërkombëtare<br>Titulli:Magjistërisëdrejtës-E drejtandërkombëtaredhemarrdhënie ndërkombëtare,-2010-2017,USHT-Tetovë<br>Праве факултет.Студиска програма:Меѓународни односи.<br>Стручен назив:Магистар по право-меѓународно право и меѓународни односи,-2010-2017,ДУТ-Тетово |
| Eksperiencpune<br>Работно искуство | SekretariatiPërImplementimin e MarrveshjesKornizësëOhritBashkëpuntoririj-Sektoripërstrategji,planifikimdhe përcjellje,11.05.2012-Aktuakisht<br><br>24.01.2013-2016,Zv.Anatrë iKomisionitKomunalZgjedhorë-KërÇovë<br><br>2009-2010,Antarëngaradhët e studentëveiKëshillitMësimoro-ShkencorëtëFakultetitJuridik-USHT<br><br>FK "ZAJAZI" -Sekretarë-2014-2018<br><br>Секретариат за спроведување на рамковниот договор<br><br>Помлад соработник за стратегија,планирање и следење,11.05.2012-Актуелно<br><br>24.01.2013-2016,Заменик член на Општинска Изборна Комисиа Кичево<br><br>2009-2010,Член од страна на студентите на Научно-Образовниот Совет на Правниот Факултет-ДУТ<br><br>ФК"ЗАЈАЗИ"-Секретар-2014-2018 |
| Kualifikimi-<br>Квалификаци | ÇERTIFIKAT përpjesmarrje active nëgarën e organizuarnga ICRC me temë:"HulumtimiisëDrejtësNdërkombëtare Humanitare"28-29.05.2005,Strugë<br><br>ÇERTIFIKAT përpjesmarrjenëKonferencën e VI studentoretëorganizuarngaFondacioniKonard Adenauer Maqedoni,16.05.2009,Shkup<br><br>ÇERTIFIKAT përpjesmarrjenëtrajnimin e organizuarngaBashkimiEuropian me temë:"Introduction to Public Administration",20-21.2014,KërÇovë<br><br>ЦЕРТИФИКАТ за активно учество бо натпреварот организиран од ICRC со наслов:" Истражување Меѓународно Хуманитарно Право" 28-29.2005,Струга |

ЦЕРТИФИКАТ за учество во VI студентска Конференциа организирана од Конард Аденауер Македонија,16.05.2009,Скопје

ЦЕРТИФИКАТ за учество во обуката организирана од Европска Унија со наслов:"Introduction to Public Administration",20-21.2014,Кичево

## Gjuhët-Јазици

GJUHë SHQIPE-gjuhë e nënës
TJERA:
MAQEDONISHT
ANGLISHT
ITALISHT
SERBO-KROATISHT

Албански јазик-Мајчин Јазик

Други:
МАКЕДОНСКИ
АНГЛИСКИ
ИТАЛИАНСКИ
СРПСКО-ХРВАТСКИ

## Aftësitkompjuterike-Компјутерски вештини

Word

Excel

Corel

Microsoft office

**CURRICULUM VITAE**

**Лични податоци**

| | |
|---|---|
| Презиме | Чукарски |
| Име | Ѓорѓи |
| Адреса на живеење | Ул. “Браќа Миладинови ”број 37 1/15, Струмица, Република Македонија |
| E-mail | gjorgi.chukarski@mioa.gov.mk |
| Национална припадност | Македонец |
| Пол | Машки |
| Датум и место на раѓање | 10 јули 1972, Струмица,Република Македонија |
| Брачен статус | Оженет, татко на едно дете |

**Податоци за завршено образование**

| | |
|---|---|
| Вид и степен на образование | Високо, VII-1 |
| Назив на институцијата | Правен факултет |
| Звање | Дипломиран правник |
| Година на стекнување на диплома | 1996 |

| | |
|---|---|
| **Познавање на работа со компјутер и компјутерски програми** | Windows,Internet,Microsoft Office Word,Excel,Power Point,Front Page,познавање на хардвер |

| | |
|---|---|
| **ОСТАНАТИ КУРСЕВИ И СЕМИНАРИ** | Денови на кариера (техники на презентирање, техники на продавање, стрес менаџмент, Тимска работа...)<br>Завршен курс за основни познавања на компјутерски вештини<br>Обука на тема Анализа, имплементација и надзор над примената на Законот за општата управна постапка<br>Обука за имплементација на Закон за вработени во јавниот сектор, Закон за административни службеници, Закон за инспекциски надзор, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Закон за заштита на лични податоци, Закон за општа управна постапка во вршење на инспекциски надзор, Законот за прекршоци.<br>Стручната обука за запознавањесо новините во Законот за инспекциски надзор и соодветните подзаконски акти, новините во Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, новините во прописите за канцелариското работење, обука за примена на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети ( ACCMIS) при вршење надзор во судовите на Република Македонија . |

**ЛИЧНИ ВЕШТИНИ И КВАЛИФИКАЦИИ**

| | |
|---|---|
| **МАЈЧИН ЈАЗИК** | Македонски |
| **СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ** | Англиски, Српски, Бугарски, Хрватски |
| Возачка дозвола | Б-категорија |

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

| | |
|---|---|
| 1999-2001 | Министерство за правда, началник на Одделение за општа управа Струмица. |
| 2001-2003 | Министерство за правда, Сектор за државна управа, изборен систем и управни надлежности, во Подрачно одделение Струмица, на работно место раководител на Подрачно одделение Струмица, со звање-раководител на одделение. |
| 2003-2009 | Министерство за правда, Сектор за државна управа, изборен систем и управни надлежности, во Подрачно одделение Струмица, на работно место виш |

соработник за избори, со звање виш соработник.

2009-2011 Министерство за правда, Државен управен инспекторат, Сектор за вршење на инспекциски надзор-Исток, работно место виш соработник за управни работи за општините Струмица, Василево, Босилово и Ново село, со звање виш соработник.

2011-2014 Министерство за информатичко општество и администрација, работно место виш соработник за општините Струмица, Василево, Босилово и Ново село, во Одделението за вршење на инспекциски надзор-Исток, со звање виш соработник.

2014- Државен управен инспекторат, работно место самостоен управен инспектор, звање самостоен инспектор.

**ЗНАЕЊЕ И ИНТЕРЕСИ**

Застапување во судски спорови
Состав на судски поднесоци
Состав на Договори согласно Законот за Облигациони Односи
Познавање на прописи од областа на управна постапка, инспекциска постапка, управни спорови и нивна примена во пракса.

**ЛИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И СПОСОБНОСТИ**

Искуство со тимска работа под најразлични услови
Способност за прифаќање на одговорност,обврски
Работа под притисок и извршување на обврските во краток рок
Флексибилност
Креативност
Комуникативност
Само-мотивирање
Иницијативност